Почитувани ученици и родители,

Во врска со уписот на ученици во прва година во учебната 2020/2021 година кој ќе се реализира на **16, 17,18 и 19 јуни 2020 година во период од 08:00 до 19:00 часот,** а со цел да се почитуваат препораките дадени од надлежните институции заради настанатата ситуација со вирусот COVID 19, Ве замолуваме строго и доследно почитување и придржување кон следниот:

**ПРОТОКОЛ**

за упис на ученици во прва година во учебната 2020/2021 година

во СУГС Гимназија "Јосип Броз Тито" - Скопје

1. Почитување мерки за заштита **(задолжително носење маска, држење растојание од 2 метри, дезинфекција на раце при влез и излез од училиштето, во спротивно нема да Ви се дозволи влез во училиштето).**
2. Носење свое пенкало.
3. Одржување физичко растојание од 2 метри.
4. Пријавата во електронска форма можеда ја најдете на web страната на Министерството за образование и наука www.mon.gov.mk или на web страната на Нашето училиште www.josipbroztito.edu.mk. Истата пополнета ја доставувате на уписот со другите потребни документи (свидетелства од VI до IX одделение и извод без разлика на датата на издавање).
5. Да се почитуваат ознаките и насоките на движење со цел непречено и безбедно одвивање на пријавувањето, да се почитуваат препораките на поставените редари во училиштето **(да се влегува еден по еден, односно откако редарот ќе ви дозволи).**
6. Пристап кон комисиите за пријавување ќе му биде овозможено само на ученикот кој се пријавува или неговиот родител/старател и исклучиво со однапред подготвена целосна документација (ОРИГИНАЛ свидетелства од VI до IX одделение, ОРИГИНАЛ извод од матична книга на родени и доколку има, дипломи од освоени (I,II и III) места од меѓународни и државни натпревари)
7. Задржувањето во внатрешните простории на училиштето да биде минимално (согласно со потребното време за завршување на активностите за пријавување и не повеќе од 5 минути).
8. Согласно препораките од Министерството за образование и наука, документите ќе се примат согласно распоред според азбучен ред од презимето, со исклучок на родителите и учениците кои доаѓаат од други градови на РСМ.

**Ви благодариме на довербата и што ги почитувате мерките, затоа што ако се штитите себе си, ги штитите и другите!!!**

**Ве очекуваме!**